**1. ВО СЕКОЈ БРОЈ ЗАПИШИ ЈА ВРЕДНОСТА НА ЦИФРАТА 7.**

а) 1738042 ____________ б) 8597143 ___________ в) 17325186 ____________

г) 14305176 ____________ д) 1472534 ___________ ѓ) 72165248 ____________

**2. КОЈ БРОЈ СУМ ЈАС? ЗАОКРУЖИ ГО ТОЧНИОТ ОДГОВОР.**

<table>
<tr><td rowspan="2">• Се заокружувам на поголемиот број, не на помалиот.<br>• Помал сум за 300.000 од најблискиот милион.<br>• Не сум парен број, но имам 4 парни цифри.</td><td>3658904</td><td>2936046</td><td rowspan="2">5781624</td></tr>
<tr><td>23818425</td><td>9023731</td></tr>
</table>

**3. КОЈ БРОЈ СУМ ЈАС? ЗАОКРУЖИ ГО ТОЧНИОТ ОДГОВОР.**

<table>
<tr><td rowspan="2">• Ако ме заокружиш на најблискиот милион, но помал од милион.<br>• Јас сум парен број.<br>• Помал сум за 100.000 од најблискиот милион.<br>• Разликата помеѓу мојата најмала и најголема цифра е 6.</td><td>1390273</td><td>1938473</td><td>12321939</td></tr>
<tr><td>6382456</td><td>2138974</td><td>7093184</td></tr>
</table>

**4. БОГАТСТВОТО НА ГУСАРИТЕ!**

**Гусарите нашле ковчеже со 25 златни плочки. Сакале да го поделат на 4 дела на следниот начин:**

- Во првиот дел имало неколку златни плочки.
- Во вториот дел имало 2 златни плочки помалку отколку во првиот дел.
- Во третиот дел имало 1 златна плочка помалку отколку во четвртиот дел.
- Во четвртиот дел имало двапати повеќе златни плочки отколку во вториот дел.

По колку златни плочки имало во секој дел?

**Одговор:**

Во првиот дел имало ______ златни плочки.

Во вториот дел имало ______ златни плочки.

Во третиот дел имало ______ златни плочки.

**5. Марко има три мачиња: Диди, Дони и Дори и треба да ја одреди телесната маса на секое маче. Одреди ја телесната маса на секое маче, ако:**

- Диди и Дони заедно имаат маса од 12 kg.
- Дони и Дори заедно имаат маса од 16 kg.
- Диди и Дори заедно имаат маса од 14 kg.

**Одговор:** Диди има ________ kg. Дони има ________ kg. Дори има ________ kg.

**6. Ева игра една компјутерска игра. Во играта се појавуваат птици и ласици. За да успее да го помине тоа ниво важно е да изброи колку има птици и колку има ласици. Таа изброила дека има вкупно 16 глави и 42 нозе.**

Помогни ѝ на Ева да пресмета колку има птици и колку има ласици.

**Одговор:** Птици има ____________. Ласици има _____________.

**7. Лили заедно со другарките отишла на кино. Филмот траел 1 час и 45 минути. Ако филмот завршил во 22 часот и 30 минути, во колку часот почнал филмот?**

**Одговор:** Филмот почнал во _______________.

**8. Одреди колку броеви ја содржат цифрата 3 помеѓу броевите 30 и 60.**

**Одговор:** Има ______ броеви

**9. Во една продавница 3 kg јаболка чинат 70 денари. Колку ќе чинат 15 kg од истите јаболка?**

**Одговор:** 15 kg јаболка ќе чинат ______ денари.

**10. Четири мали еднакви квадрати се споени така што формираат голем квадрат. Периметарот на големиот квадрат е 72 cm. Одреди ја плоштината на секој од малите квадрати.**

**Одговор:** Секој од малите квадрати има плоштина ______ $cm^2$.